НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА

ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ

НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ – БИТОЛА

ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ

БР.22

БИТОЛА

2019

ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ БР. 22 НА Н.У. ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ – БИТОЛА

Издавач:
НУ Завод и музеј Битола

За издавачот:
д-р Мери Стојанова

Претседател на редакциски одбор:
Енгин Насух

Технички секретар:
м-р Јове Парговски

Членови на редакциски одбор:
Надежда Георгиева
Оливера Макриевска
Владо Ѓоревски

Лектор: Стево Гацовски

Печати: Европа 92, Кочани

Тираж: 300

СОДРЖИНА

Душко ТЕМЕЛКОСКИ, Владимир КРСТЕСКИ
МОНЕТИ НА АНТИЧКО - МАКЕДОНСКИТЕ ВЛАДЕТЕЛИ ВО НУМИЗМАТИЧКАТА ЗБИРКА НА НУ ЗАВОД И МУЗЕЈ - ПРИЛЕП 1

Мери СТОЈАНОВА
ОБРЕДНАТА ПРАКСА ВО МАЛА ПРЕСПА НИЗ ПРИЗМАТА НА ЗАПИСИТЕ НА СТЕРЈО СПАСЕ 17

Мимоза ХРИСТОСКА
ЧЕТИРИ САКРАЛНИ ОБЈЕКТИ ОД XIX ВЕК ВО КРУШЕВСКАТА ОПШТИНА 23

Весна КАЛПАКОВСКА, Оливера ЈАНДРЕСКА
МЕРМЕРНА ПЛОЧА СО НАТПИС НА СВЕШТЕНИК НА ХЕРАКЛЕ ОД СТИБЕРА ОД ЗБИРКАТА НА ЕПИГРАФСКИ СПОМЕНИЦИ И КАМЕНА ПЛАСТИКА, ПРИ НУ ЗАВОД И МУЗЕЈ ПРИЛЕП 33

Стефан КАРАЏОВСКИ
ПРВА КРСТОНОСНА ВОЈНА 43

Драган ГЕОРГИЕВ
„УВОЛНИТЕЛЕН БИЛЕТ“ НА ДОНКА СТАВРЕВА УШЛИНОВА 57

Мирјана НИНЧОВСКА
ОД СИМБОЛИКАТА НА ДЕБАРСКОТО БЛАГОТВОРИТЕЛНО ДРУШТВО „НАПРЕДОК“ ВО СОФИЈА ВО ПРВИТЕ ДЕЦЕНИИ НА 20 ВЕК 65

Васко ГИЧЕВСКИ
ЖЕНАТА ВО БИТОЛСКИОТ САНЏАК 1881- 1912 ГОДИНА 73

Александар ЛИТОВСКИ
ПРИЛОГ ЗА ЖИВОТОТ И ДЕЛОТО НА СТЕВО ХРИСТОВСКИ–ПАТАКО, ВРЗ ОСНОВА НА СПОМЕНИТЕ НА ДИМИТАР ДИМИТРОВСКИ 83

Марјан ИВАНОСКИ
ПРОТОКОЛ ОД СОБРАНИЕТО НА ЦК НА ДВИЖЕЊЕТО ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ И ОБЕДИНУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА ОДРЖАНО НА 23 НОЕМВРИ 1974 ГОДИНА ВО СТРАЗБУР, ФРАНЦИЈА 101

Роберто ТРАЈКОВСКИ
БАЛКАНСКИОТ ПОЛУОСТРОВ ВО СТРАТЕГИЈАТА НА ГЕРМАНСКАТА ИМПЕРИЈА ВО 1915 ГОДИНА 109

Рубинчо БЕЛЧЕСКИ
ВЕРА АЦЕВА – ХЕРОИНА ВО ГЕН - ПОВОД: 100 ГОДИНИ ОД РАЃАЊЕТО 117

Александар СИМОНОВСКИ
ИНФОРМАЦИЈА ЗА ПРИМЕНАТА НА МЕТОДИТЕ И СРЕДСТВАТА НА СЛУЖБАТА ЗА ДРЖАВНА БЕЗБЕДНОСТ ВО СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА 129

Паре ЗАРЕВСКА
ПРИКАЗ НА ПУБЛИКАЦИЈАТА КЕРАМИЧКАТА УМЕТНОСТ ОД ВИЗАНТИСКИ СЕРЕС 143

Габриела ТОПУЗОВСКА
ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА БОЛОЊСКИОТ ПРОЦЕС НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ 153

Angelina POPOVSKA
NEGLECTING... 163

IN MEMORIAM
Драгица Симоска 169

Никола Ивановски 171

Ристо Палигора 173

Почитувани читатели,
Почитувани колеги,

Пред нас е новото издание на „Зборник на трудови" кое како и години наназад така и овој пат ќе понуди автентични материјали и нови сознанија од областа на историјата, заштитата и презентацијата на движното и недвижното културно наследство, како и од музеологија, етнологија, фолклористика, археологија, историја на уметноста, епиграфика....

Како дел од издавачката дејност на Националната установа Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Битола оваа едиција претставува стручно и научно списание кое е интересно четиво како за стручната така и за пошироката јавност. Во него се поместени трудови на наши колеги од редот на вработени во оваа институција, но и трудови на колеги кои работат во различни сфери во културните и научнитеинституции ширум републиката.

Традиционално „Зборникот на трудови" го носи зачуваното графичко решение на корицата како препознатлив печат на ова издание, додека во самата едиција ќе ги најдете поместени и инструкциите за авторите, со цел да информираме за тоа како треба технички да се подготвуваат статиите за да го заслужат своето место во некој иден ваков број.

Како и секое претходно, и ова издание го испраќа својот апел до сите колеги и научни работници и во иднина да се пријавуваат со свои стручни и научни трудови до редакцискиот одбор со цел истите да бидат презентирани во јавноста. Престедателот и техничкиот секретар на овој одбор во текот на целата година стојат на располагање за прифаќање на трудови, но и за секаква асистенција во врска со аплицирањето за учество во Зборникот.

Претседател на Редакцискиот одбор

Енгин Насух

в.д.Директор

д – р Мери Стојанова

Александар СИМОНОВСКИ*

ИНФОРМАЦИЈА ЗА ПРИМЕНАТА НА МЕТОДИТЕ И СРЕДСТВАТА НА СЛУЖБАТА ЗА ДРЖАВНА БЕЗБЕДНОСТ ВО СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

Апстракт: *Во статијата е даден преглед на методите и средствата што ги применувала Службата за државна безбедност во Социјалистичка Федеративна Република Југославија. Притоа се опфатени и околностите во кои тие се применувале.*

Клучни зборови: *СФРЈ, ССВР, СДБ, методи, средства, примена, контрола.*

Одделението за заштита на народот (ОЗН) при Поверенството за народна одбрана на Националниот комитет на ослободувањето на Југославија (НКОЈ) е основано на 13 мај 1944 година, по наредба на Јосип Броз - Тито, претседател на НКОЈ и врховен командант на Народноослободителната војска и Партизанските одреди на Југославија.[1]

Од настанувањето ОЗН е водено од еден центар и организациски единствено поставено за цела Југославија. Директно му било подредено на Поверенството за народна одбрана на НКОЈ. Началник на ОЗН за цела Југославија бил Александар Ранковиќ.[2]

ОЗН за Хрватска е образувано и почнало да функционира на крајот на мај 1944 година. Во Босна и Херцеговина организацијата на ОЗН „се создава во текот на јуни 1944 година кога и почнува да функционира“. Во Црна Гора, Земското одделение за заштита на народот е формирано во јуни 1944 година. Подоцна се формирани и четири поверенства на ОЗН во окрузите подгорички, никшички, бјелопољски и за Бока. ОЗН за Словенија било создадено во јуни 1944 година.[3] ОЗН за Србија настанало во јуни 1944 година.[4] Во Македонија ОЗН е формирано во втората половина на 1944 година.[5]

---

* Д-р Александар Симоновски, виш научен соработник/вонреден професор, ЈНУ Институт за национална историја, ул. „Григор Прличев“ бр. 3, 1000 Скопје, е.адреса: a.simonovski84@yahoo.com.

[1] *Partizanska i komunistička represija i zločini u Hrvatskoj 1944.-1946.*, *Dokumenti*, *Dalmacija*, Priredili: Mate Rupić, dr. sc. Vladimir Geiger, Slavonski Brod – Zagreb 2011, 41; Јосип Броз Тито, *Собрани дела*, Том дваесетти: 16 април – 30 јуни 1944, Скопје 1984, 94 – 98.

[2] Kosta Nikolić, Bojan B. Dimitrijević, „Formiranje OZN-e u Srbiji i Beogradu i likvidacije 'narodnih neprijatelja' 1944“, *Istorija 20. veka*, god. XXVIII, br. 2, Beograd 2010, 10.

[3] Obren Đorđević, *Zaštita revolucije*, Beograd 1979, 230 – 231.

[4] Срђан Цветковић, *Између српа и чекића*. Књига прва: *Ликвидација „народних непријатеља“ 1944–1953.*, Друго допуњено и измењено издање, Београд 2015, 102.

[5] *Македонски историски речник*, Скопје 2000, 343 – 344.

Основањето на ОЗН е клучен момент во процесот на создавањето и развитокот на безбедносно-разузнавачкиот систем. Со донесувањето на Уставот на Федеративна Народна Република Југославија, на 31 јануари 1946 година, тој систем влегол во квалитативно нова фаза на својот вкупен развој.[6] По донесувањето на Уставот се реорганизирани безбедносно-разузнавачките служби. Реорганизацијата на ОЗН почнала во февруари 1946 година и завршила во текот на следните месеци.[7] На 13 март 1946 година од Првиот и од Вториот отсек на ОЗН е формирана Управата за државна безбедност (УДБ) која на сојузно ниво почнала да делува на истиот датум.[8]

По Брионскиот пленум (1 јули 1966), УДБ го сменила името во Служба за државна безбедност (СДБ). Називот СДБ останал до распадот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија (СФРЈ) во почетокот на 90-тите години на XX век.[9]

Како „офанзивна политичка разузнавачка служба“, УДБ собирала податоци за намерите „и за активностите на странските држави и нивните органи со кои се загрозува безбедноста“ на СФРЈ, „а во рамките на работите на контраразузнавачката служба (требало, б.н.) да 'го открива и да го оневозможува дејствувањето на странските разузнавачки служби, да се спротивставува на дејностите на југословенските емигрантски организации во западните и во источноевропските држави, да го открива и да го пресекува дејствувањето на структурите на внатрешниот непријател – илегалните непријателски организации, да го оневозможи дејствувањето на реакционерните структури, непријателскиот клер и информбировската кампања и заедно со милицијата и со КНОЈ[10] да се пресметува со одметничките банди како остатоци од

[6] Милан Милошевиќ, „Порекло и еволуција органа државне безбедности социјалистичке Југославије (1944-1966)“, *Гласник*, бр. 41, Ваљево 2007, 110.

[7] Светко Ковач, Бојан Димитријевиќ, Ирена Поповиќ Григоров, *Случај Ранковиќ: из архива КОС-а*, Друго издање, Београд 2015, 34.

[8] Zdenko Radelić, „Ozna/Udba: popisi neprijatelja i njihova kategorizacija (1940-ih i 1950-ih)“, *Časopis za suvremenu povijest*, god. 49, No. 1, Zagreb 2017, 64; Коста Николиќ, *Мач револуције – ОЗНА у Југославији 1944–1946*, Београд 2013, 211.

[9] С. Ковач, Б. Димитријевиќ, И. Поповиќ Григоров, *Случај Ранковиќ...*, 389 – 394.

[10] Корпусот на народна одбрана на Југославија (КНОЈ) бил формиран на 15 август 1944 година како извршен орган на ОЗН, односно како специјализирана вооружена формација за борба против субверзивните дејности на окупаторот и на внатрешниот непријател и за извршување други задачи од воено-полициски карактер. КНОЈ имал задачи: да ја „штити заднината, да го одржува редот на ослободените територии и да се бори против остатоците од антикомунистичките формации, односно да спроведува 'ликвидација на четничките, усташките, белогардејските и на другите антинародни банди на ослободената територија на Југославија'“; спроведување на уапсените и на заробениците и организирање потери, заседи и елиминација на оставените и на уфрлените непријателски групи на ослободената територија; обезбедување на централните органи на власта; обезбедување на пристаништата, бреговите и на државната граница; заштита на странските дипломатско-конзуларни претставништва; обезбедување на заднинските установи, единиците на Народноослободителната војска, поважните стопански и сообраќајни објекти и сл. КНОЈ е укинат во јануари 1953 година, а неговите работи ги презеле граничните единици и

вооруженият дел на контрареволуцијата“. Значајни биле задачите според кои УДБ требало да „го следи расположението на најшироките народни маси и да ги открива антисоцијалистичките појави во општеството и за тоа да ги известува надлежните политички и државни форуми“. Исто така, УДБ имала задачи да ги штити објектите од посебен интерес за државата и да ги обезбедува истакнатите политички и државни функционери, да води истрага – кривична постапка против извршители на кривични дела против народот и државата и на потешки облици на стопански криминал.[11]

Според интерниот класификатор на УДБ од почетокот на 1962 година, службата била ориентирана кон 37 основни дејности и појави меѓу кои неизвршувањето на одлуката на органот на самоуправувањето, ненаменското трошење на средствата, реагирањето на ниските лични доходи, односите во колективите, движењето на цените и состојбата на пазарот, реагирањата на стопанските и на политичките мерки итн. Посебно била следена активноста во областа на науката, културата и на уметноста (особено филмот), најмногу во поголемите културни центри. Постоеле посебни референти за одредени области на општествениот, научниот и на културно-уметничкиот живот.[12]

По Брионскиот пленум, поголемо внимание било посветувано на „почитувањето на законските норми, додека неформалните вонинституционални облици на репресија (незаконски апсења, претепувања, изнудувања на признанија и др.) се проредени“. Поради поголемиот отпор кон режимот по 1968 година, а особено по 1972 година, „како и сè посложените политички и општествени прилики во Југославија и во светот, растел интензитетот на репресијата“.[13]

Во доцните шеесетти години, освен информбировците, „ѓиласовците и остатоците на класните и на политичките граѓански структури, во класификацијата се јавуваат нови државни непријатели, многу произлезени во редовите на Партијата: ранковиќевци (етатистичко-бирократски сили), а набргу потоа либерали, анархолиберали, националисти и техноменаџери“. По 1971 година, широката политичка акција со поостар настап кон *либералните елементи* и кон пресметката со *бирократското и со националистичкото наследство* претставувале приоритет на службата за безбедност.[14]

Иако примената на методите на службите за безбедност била законски регулирана (со Законот за вршење на внатрешните работи и со Законот за основите на државната безбедност од 1946, 1951, 1966, 1975 година), како и

милицијата. К. Николиќ, *Мач револуције*..., 48 – 51; М. Милошевиќ, „Порекло и еволуција...“, 102 – 103.

[11] Александар Симоновски, „Примената на оперативно-техничките средства на Службата за државна безбедност во Социјалистичка Република Македонија (1986 – 1989)“, *Гласник на Институтот за национална историја*, год. 62, бр. 1 – 2, Скопје 2018, 198 – 199.

[12] Srđan Cvetković, „Metodi i oblici rada službi državne bezbednosti u socijalističkoj Jugoslaviji“, *Istorija 20. veka*, god. XXVII, br. 2, Beograd 2009, 133.

[13] *Исто*, 134.

[14] *Исто*, 134 – 135.

со Правилата за работата на СДБ, сепак, доаѓало до бројни нарушувања и до злоупотреби, посебно во првите децении по војната (до падот на Александар Ранковиќ), а во одделни случаи и подоцна.[15]

Предмет на обработка во трудот е примената на методите и средствата на СДБ во СФРЈ. За таа цел го користевме документот *Информација за примена на методите и средствата во работата на Службата за државна безбедност во ССВР*,[16] а го изработила СДБ во ССВР. Овој документ не е датиран. Сојузниот совет за заштита на уставниот поредок ги разгледал тој документ и уште еден документ (*Информација за примена на методите и средствата на органите за безбедност во ЈНА*, која била изработена на 2 октомври 1978 година) на својата 32 седница, одржана на 1 ноември 1978 година. На 15 јануари 1979 година, Лазар Колишевски, член на Сојузниот совет за заштита на уставниот поредок, ги упатил двата документа до Претседателството на СФРЈ. Документот *Информација за примена на методите и средствата во работата на Службата за државна безбедност во ССВР* бил дополнет согласно забелешките на посочениот Сојузен совет.[17] Имајќи го предвид наведеното, документот *Информација за примена на методите и средствата во работата на Службата за државна безбедност во ССВР* би требало да е изработен во 1978 година.

Со оглед на намената и според постапката во примената, методите и средствата кои СДБ ги користела во извршувањето на работите од својот делокруг се делеле на два основни вида. 1. Методи и средства за откривање, следење и за сузбивање на непријателската активност. 2. Методи и средства за безбедносна заштита на одредени личности и објекти. Меѓу нив постоела битна разлика. Првите биле поразлични и се применувале строго тајно. Вторите, главно, се сведувале на одредени заштитни технички средства и исклучиво се користеле со знаење и со согласност на старешината на органот и на организацијата чии објекти безбедносно се штителе.

Следење и сузбивање на непријателското делување. Во врска со тоа „СДБ ги применува следните методи и средства: заснова соработнички однос со граѓаните на Југославија и со странците; води информативни разговори со лицата кои можат да дадат податоци од интерес за работата на Службата; врши тајна контрола на телефонскиот и на телепринтерскиот сообраќај, тајно прислушување и контрола на поштенските пратки; и презема мерки на тајно следење, претрес, набљудување и фото и ТВ документирање“.[18]

Примената била регулирана со Законот за вршење на внатрешни работи од надлежност на сојузните органи на управата (чл. 8), со Законот за

[15] *Исто*, 136.

[16] ССВР – Сојузен секретаријат за внатрешни работи.

[17] Архив на Југославија, Белград (АЈ), ф. Претседателство на СФРЈ, фасц. бр. 63, *Известување на Лазар Колишевски до Претседателството на СФРЈ*, 15 јануари 1979 година.

[18] АЈ, ф. Претседателство на СФРЈ, фасц. бр. 63, *Информација за примена на методите и средствата во работата на Службата за државна безбедност во ССВР*, 1 – 2.

основи на системот на државната безбедност (чл. 11, чл. 19 и чл. 20), со Единствените начела за примената на средствата и методите во вршењето на работата на Државната безбедност и со Правилата за работа на СДБ. Законите содржеле основа за примената на мерките со кои се отстапувало од неповредливоста на тајните на писмата и на другите средства на општење. Со Единствените начела[19] биле утврдени принципите задолжителни за сите органи кои вршеле работи за државната безбедност во примената на средствата и методите. Правилата за работата на СДБ конкретно ги разработувале видовите на тие методи и средства и постапката во нивната примена. Сојузниот совет за заштита на уставниот поредок донел посебни Насоки со кои било утврдено дека кон носителите на одредени функции, методите и средствата на СДБ можат да се применат само со претходно одобрување на овој Совет.[20]

Основни начела во примена на методите и средствата. Основните начела до кои СДБ се придржувала во примената на методите и средствата се следните:

- се применувале во случаите кога постоеле основи за сомнеж или податоци дека поединци, групи или организации вршат или се подготвуваат за дејство против уставниот поредок, како и поради откривањето на инспираторите, организаторите и на извршителите на веќе сторените кривични дела од делокругот на СДБ;
- за секое средство се предвидувале постапка и услови под кои може да се примени;
- користењето на одреденото средство престанувало со престанувањето на причината за неговата примена;
- за примената на сите методи, средства и мерки и за работата на СДБ се воделе соодветни досиеја и евиденции.[21]

Примена на методите и средствата во работата на СДБ во ССВР. Службата за државна безбедност во ССВР „ги применува соодветните методи и средства само во оние рамки во кои на овој Секретаријат му е ставено во надлежност и во непосредно вршење на работите на државната безбедност“. Службата за државна безбедност во ССВР согласно со својата усогласена улога во однос на службите за државна безбедност во републичките и во покраинските секретаријати за внатрешни работи, „дава и согласност за примена на одредени методи и средства од страна на овие служби, главно во странство и кон странските дипломатски и конзуларни претставништва во земјата“.[22]

[19] Единствените начела ги утврдувале старешините на сојузните органи на управата во кои се вршеле работите за државната безбедност, по претходно прибавена согласност од Претседателството на СФРЈ или од телото кое тоа ќе го овласти.

[20] АЈ, ф. Претседателство на СФРЈ, фасц. бр. 63, *Информација за примена на методите и средствата во работата на Службата за државна безбедност во ССВР*, 2.

[21] *Исто*, 2 – 3.

[22] *Исто*, 3.

Соодветно на одлуката на Сојузниот извршен совет Стр. пов. бр. 46/75, СДБ во ССВР непосредно ги вршела следните работи:

- откривање, следење и спречување на разузнавачката, разузнавачко-информативната и на другите субверзивни делувања на странските дипломатски и конзуларни претставништва и на претставниците акредитирани во СФРЈ (контраразузнавачки работи);
- обезбедување на одредени личности и објекти, безбедносна заштита на сојузните органи и организации и контраразузнавачка заштита на одредени работни места во тие сојузни органи и организации.

Контраразузнавачки работи. Во вршењето на овие работи „СДБ во ССВР главно ги применува сите наброени методи и средства кои Службата ги користи во целина“. Главната разлика се состоела само во објектот на обработката: средствата се применувале кон странските граѓани и институции, а кон југословенските граѓани само тогаш кога ќе се утврдело или кога постоеле основи за сомневање дека се во врска со разузнавачко и со друго недозволено дејство на странските претставници.

Методите и средствата се применувале во рамките на оперативните обработки „кои се заведуваат над одредени лица врз основа на почетните податоци за нивната непријателска активност која треба да се провери (претходна оперативна обработка), или врз основа на проверени податоци за таквата активност (оперативна обработка)“.[23]

Во времето на изработката на документот *Информација за примена на методите и средствата во работата на Службата за државна безбедност во ССВР*, СДБ водела „71 претходна оперативна обработка, од тоа 6 над наши граѓани, и 73 оперативни обработки од кои една за југословенски граѓанин“. Отворањето на претходната оперативна обработка го одобрувал старешината на надлежната организациона единица, а оперативната обработка – началникот на СДБ во ССВР.[24]

Состојбата и постапката во примената на методите и средствата во рамките на тие одделни обработки и во рамките на обработките на одредени странски дипломатско-конзуларни претставништва како институции биле следните.

А) Соработнички позиции се создавале во врска со откривањето и со следењето на непријателското делување, т.е. разузнавачките и другите субверзивни активности на странските дипломатско-конзуларни претставништва и претставници.

При засновањето на соработничките односи се почитувал принципот на доброволност. На користењето на т.н. компромитирачки материјал се пристапувало кон странецот и поради вградување на соработник во непријa-

[23] *Исто*, 3 – 4.
[24] *Исто*, 4.

телската организација и група во земјата и во странство, „кога тоа ќе се оцени целисходно од становиште за безбедноста на земјата и за оперативните интереси на Службата“. Притоа Службата се повикувала и на одредбата од чл. 136 на Кривичниот закон на СФРЈ, која предвидувала припадникот на непријателското здружение кој ќе го открие здружението пред да изврши кривично дело во неговиот состав или за него, може и да се ослободи од казна.

Одобрување за засновање на соработнички однос со југословенските граѓани давал старешината на надлежната организациона единица, а со лицата вработени во странските дипломатски и конзуларни претставништва – началникот на СДБ во ССВР. Одобрување за користење на компромитирачки материјал врз чија основа одредено лице би можело кривично да се гони давал старешината на органот (за СДБ ССВР, сојузниот секретар за внатрешни работи), а за другите – началникот на СДБ во ССВР.

Б) Примената на техничките средства претставувала многу сложена и одговорна работа. Затоа СДБ пристапувала со најголеми мерки на обезбедувањето на тајноста и на сестраното проценување на причината за примена, особено кон југословенските граѓани.

„Основен вид на оперативна контрола по овој пат е контролата на телефонскиот сообраќај и вградувањето на прислушни технички средства.“[25]

Контрола на телефон. Со неа се обезбедувале важни податоци за ставовите, врските, движењата и за личните карактеристики на поединците под оперативна обработка на СДБ. Главно, тоа биле странски дипломатски и конзуларни претставници за кои се утврдило или основано се претпоставувало дека се занимаваат со разузнавачка работа, и извесен број нивни установени врски.

Во периодот на изработката на *Информација за примена на методите и средствата во работата на Службата за државна безбедност во ССВР*, вкупно 191 телефон бил контролиран, односно 181 телефон на странски дипломатско-конзуларни претставништва и претставници, додека 10 телефони на југословенски граѓани се наоѓале под обработка во врска со дејството на странските претставници.

Контролата се вршела на технички ефикасен и безбеден начин. Приклучувањето се изведувало преку делителите физички одвоени од делителите на ПТТ во кои имале пристап само работниците на ССВР, Управата за безбедност во Сојузниот секретаријат за народна одбрана и на СДБ на Белград како коинвеститори во изградбата на овие објекти и како заеднички корисници. Центарот за снимање на СДБ во ССВР бил сместен во зградата на ССВР.

Постапката за приклучувањето на телефонот на контрола започнувала со образложен предлог на старешината на надлежната организациона единица, а одлуката ја донесувал сојузниот секретар, т.е. началникот на СДБ. По тоа, организационата единица за оперативни работи, со писмено барање се

[25] *Исто*, 4 – 5.

обраќала до единицата за примена на техничките средства која го вршела приклучувањето. Надвор од таа постапка никој не можел да нареди ниту да изврши приклучување на телефонот на контрола.

За контролата на телефонскиот сообраќај се воделе уредна евиденција и уредна документација.[26]

Тајно прислушување. Кон странските претставништва и претставници, „тајното прислушување се врши како помошно или како основно средство во прибавувањето, проверувањето и во документирањето на податоците за веќе откриената нивна непријателска активност, или кога таквата активност основано може да се очекува“.

Во однос на југословенските граѓани се преземало само во случаите кога постоеле основи за сомневање дека непријателски дејствуваат или се во врска со таквото дејство.

Во поглед на должината и целта на контролата, па и на техничките решенија, „средствата се вградуваат со перспектива за подолга експлоатација (т.н. постојана контрола или објекти) или повремено и привремено се користат (т.н. преносни или ад хок средства)“.[27] Примената на прислушните средства била дозволена само на технички пропишан начин и под услов дека се стекнале околности кои гарантираат оптимална безбедност и тајност на нивната употреба. Затоа, на секоја примена на таквите средства ѝ претходеле темелно изучување и процена на сите елементи од кои зависело нивното безбедно вградување, функционирање и нивната експлоатација.

На предлог на одговорната организациона единица на СДБ, одлуката за примената на прислушните средства ја донесувал сојузниот секретар за внатрешни работи.

Податоците што се добивале преку овие средства „се користат за тековно информирање на надлежните раководства и на органите внатре во службата, како и за поширока анализа за непријателското дејствување“.

Кога престанувала потребата за користењето на овие средства, тие во најкраток можен рок се демонтирале.

Одговорната организациона единица водела комплетна документација и евиденција за употребата на прислушните средства.[28]

Преглед на прислушните средства во употреба во времето на изработката на документот *Информација за примена на методите и средствата во работата на Службата за државна безбедност во ССВР*:[29]

А) Постојани објекти	
Запад	26
Исток	45

[26] *Исто*, 5 – 6.
[27] *Исто*, 7.
[28] *Исто*, 7 – 8.
[29] *Исто*, 8.

Латино-американски и афро-азиски земји	10
Југословенски граѓани во обработка со странци	2
Вкупно	83

Б) Ад хок објекти	
Запад	14
Исток	1
Латино-американски и афро-азиски земји	4
Вкупно ад хок контроли	19

Контрола на поштенски пратки. Службата за државна безбедност во ССВР немала специјализирана единица за овие работи, туку тие услуги за неа ги вршела СДБ на Белград, на писмено барање за секој конкретен случај.

Контролата на писмата и на другите пратки се преземала како дополнителна мерка во составот на обработката на непријателската дејност на одреденото лице.

При изработката на *Информација за примена на методите и средствата во работата на Службата за државна безбедност во ССВР* била контролирана поштата на 82 странски претставника, а ниеден југословенски граѓанин не бил опфатен со таа мерка.

Тајно следење. Се применувало заради проверување и заради документирање на дејствувањето на лицата над кои, поради непријателската активност, била заведена обработка, или лицата кои се во врска со таквото дејствување.

Ваквото следење претставувало една од најшироко применуваните мерки кон странските претставници. Годишно со неа биле опфатени околу 400 лица. Со следењето се утврдувале правците на нивното движење, разузнавачките сомнителни лица и контакти итн. Во рамките на следењето се вршело и фото и ТВ документирање.

Налогот за следење го издавал началникот на СДБ во ССВР или од него овластениот старешина на организационата единица.

„За секое следење се поднесува извештај на единицата по чиј налог е извршено и се води уредна евиденција.“[30]

Таен претрес. Главно, се преземал кон странските претставништва и претставници, во случаи кога без посериозни ризици можело да се дојде до информации и до документи од значење за работата на СДБ или за пошироките политичко-безбедносни интереси.

Претресот на просториите на одредени дипломатско-конзуларни претставништва „се презема само во случаите кога за тоа ќе се стекнат услови кои гарантираат потполна тајност и безбедност“.

Безбедносна заштита на одредени сојузни органи и организации. Службата за државна безбедност во ССВР „ги врши овие работи врз основа

[30] *Исто*, 8 – 9.

на посебната Одлука на Сојузниот извршен совет за работите на државната безбедност кои ги вршат одделни сојузни органи (Одлука Стр. пов. бр. 46/75)“.

Суштината се состоела во давањето стручна помош на тие органи и организации во развивањето на општествената самозаштита, заштитата на одредени работни места и во заштитата на техничките средства од упад и од напад на објектите (контрадиверзиона заштита).

Меѓутоа, СДБ и во рамките на безбедносната заштита применувала свои методи и средства кон поединците за кои во вршењето на своите севкупни работи доаѓала до податоци дека непријателски делуваат или се во врска со таквата активност.

Во периодот на изработката на *Информација за примена на методите и средствата во работата на Службата за државна безбедност во ССВР*, под обработка се наоѓале 18 лица од сојузните органи и организации: над десетмина била заведена контрола на телефонот, додека во еден случај се користело и прислушно средство.

Притоа, СДБ во ССВР тесно соработувала со службите за државна безбедност во републичките и во покраинските секретаријати за внатрешни работи.[31]

При изработката на документот *Информација за примена на методите и средствата во работата на Службата за државна безбедност во ССВР*, СДБ во ССВР немала ниту еден случај под обработка од кругот на лицата на одредени функции во СФРЈ, а кон кои методите и средствата на СДБ можеле да се применуваат само со претходна согласност на Сојузниот совет за заштита на уставниот поредок.

Постапка со документацијата која настанува со работата на СДБ. Основен бил принципот во евиденцијата на СДБ да се внесуваат и да се задржуваат само лицата кои непријателски дејствуваат или дејствувале, како и лицата кои на одреден начин се во врска со таквото дејство. Соодветно на тоа, „документацијата од досиејата сукцесивно се селектира и се уништува сè она што во некој од предните видови не се однесува на непријателското делување“. Уништувањето се вршело комисиски. Кога ќе се утврдело дека сомнежот за непријателската активност на граѓаните на СФРЈ бил неоснован и со тоа престанувале причините за натамошната примена на одредени методи и средства кон нив, податоците и евиденцијата задолжително се уништувале и за тоа се составувал записник.

Во поглед на примената на методите и средствата во работата на службите за државна безбедност во републичките и во покраинските секретаријати за внатрешни работи, службите „самостојно применуваат методи и средства кон југословенските граѓани, а во странство и кон странските дипломатски и конзуларни претставништва и кон претставниците во земјата, со претходна согласност на СДБ во Сојузниот секретаријат за внатрешни

[31] *Исто*, 9 – 10.

работи“. Службите биле и основните носители на примената и на користењето на напред назначените методи и средства. Пред сè, тоа се однесувало на сите групации на непријателот, а особено на непријателската емиграција и на внатрешниот непријател.[32]

Во 1977 година службите за државна безбедност во републичките и во покраинските секретаријати за внатрешни работи ги примениле следните средства и мерки.[33]

	БиХ	ЦГ	Хрв.	Мак.	Слов.	Срб.	Кос.	Вој.[34]
Озвучувања	453	43	449	133	169	297	14	203
Контрола на телефонот	459	54	789	138	321	281	18	212
Контрола на преписката	1 341	430	2 962	730	540	422	174	314
Тајни упади	144	87	349	92	162	374	7	

Во времето на изработката на *Информацијата за примена на методите и средствата во работата на Службата за државна безбедност во ССВР*, службите во републичките и во покраинските секретаријати за внатрешни работи контролирале две лица од редот на оние за кои била пропишана и претходно била добиена согласност од Советот за заштита на уставниот поредок: едно лице во Босна и Херцеговина и едно лице во Македонија.[35]

Методите и средствата кои СДБ ги користела се делеле на два вида: за откривање, следење и за сузбивање на непријателската активност, и за безбедносна заштита на одредени личности и одредени објекти. Се применувале и во случаите кога постоеле основи за сомнеж или кога постоеле податоци дека поединци, групи или организации вршат или се подготвуваат за активност против уставниот поредок на СФРЈ. Службата за државна безбедност вршела и откривање, следење и спречување на разузнавачката, разузнавачко-информативната и на другите субверзивни дејствувања на странските дипломатски и конзуларни претставништва и на претставниците акредитирани во СФРЈ. Меѓу посочените методи и средства спаѓале врбувањето на соработници, тајната контрола на телефонскиот и на телепринтерскиот сообраќај, тајното прислушување, контролата на поштенските пратки и др.

[32] *Исто*, 11.

[33] *Исто*, 12.

[34] Поради ограниченият простор се внесени скратеници: БиХ – Босна и Херцеговина, ЦГ – Црна Гора, Хрв. – Хрватска, Мак. – Македонија, Слов. – Словенија, Срб. – Србија, Кос. – Косово, Вој. – Војводина.

[35] АЈ, ф. Претседателство на СФРЈ, фасц. бр. 63, *Информација за примена на методите и средствата во работата на Службата за државна безбедност во ССВР*, 12.

Резиме

Во трудот е обработена примената на методите и средствата на Службата за државна безбедност во Социјалистичка Федеративна Република Југославија. Меѓу нив спаѓале тајната контрола на телефонскиот сообраќај, тајното прислушување, контролата на поштенските пратки и др. Трудот се темели на еден документ што го изработила Службата за државна безбедност во Сојузниот секретаријат за внатрешни работи.

Summary

The subject of the article is the application of the methods and the means of the State Security Service in Socialist Federative Republic of Yugoslavia. The secret control of the telephone traffic, the secret bugging, the control of the postal shipments, etc., were part of them. The article is based on a document elaborated by the State Security Service of the Federal Secretariat of Internal Affairs.

Извори и литература

I. Необјавена архивска граѓа

1. Фондови на Архивот на Југославија, Белград

- Претседателство на СФРЈ.

II. Објавена архивска граѓа

- Броз Јосип Тито, *Собрани дела*, Том дваесетти: 16 април – 30 јуни 1944, Скопје 1984.
- *Partizanska i komunistička represija i zločini u Hrvatskoj 1944.-1946.*, *Dokumenti*, *Dalmacija*, Priredili: Mate Rupić, dr. sc. Vladimir Geiger, Slavonski Brod – Zagreb 2011.

III. Литература

- Đorđević Obren, *Zaštita revolucije*, Beograd 1979.
- Ковач Светко, Димитријевић Бојан, Поповић Григоров Ирена, *Случај Ранковић: из архива КОС-а*, Друго издање, Београд 2015.
- *Македонски историски речник*, Скопје 2000.
- Милошевић Милан, „Порекло и еволуција органа државне безбедности социјалистичке Југославије (1944-1966)“, *Гласник*, бр. 41, Ваљево 2007, 93 – 112.
- Николић Коста, *Мач револуције – ОЗНА у Југославији 1944–1946*, Београд 2013.

- Nikolić Kosta, Dimitrijević Bojan B., „Formiranje OZN-e u Srbiji i Beogradu i likvidacije 'narodnih neprijatelja' 1944“, *Istorija 20. veka*, god. XXVIII, br. 2, Beograd 2010, 9 – 28.
- Radelić Zdenko, „Ozna/Udba: popisi neprijatelja i njihova kategorizacija (1940-ih i 1950-ih)“, *Časopis za suvremenu povijest*, god. 49, No. 1, Zagreb 2017, 59 – 99.
- Симоновски Александар, „Примената на оперативно-техничките средства на Службата за државна безбедност во Социјалистичка Република Македонија (1986 – 1989)“, *Гласник на Институтот за национална историја*, год. 62, бр. 1 – 2, Скопје 2018, 197 – 207.
- Цветковић Срђан, *Између српа и чекића*. Књига прва: *Ликвидација „народних непријатеља“ 1944–1953.*, Друго допуњено и измењено издање, Београд 2015.
- Cvetković Srđan, „Metodi i oblici rada službi državne bezbednosti u socijalističkoj Jugoslaviji“, *Istorija 20. veka*, god. XXVII, br. 2, Beograd 2009, 131 – 144.